# СУГС „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ СКОПЈЕ

Врз основа на член 95 од Статутот на Средното училиште на Град Скопје „Браќа Миладиновци“, по предлог на директорот, после расправата на Наставничкиот совет, кој одржа седница на____________________ година, Училишниот одбор на седницата одржана на _________________ година, го предложи:

# ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

## за работата на училиштето во учебната 2024/2025 година

**2025г.**

## Содржина:


| | | |
|---|---|---|
| 1 | Лична карта на училиштето | 3 |
| 2 | Вовед | 4 |
| 3 | Организација на работата на училиштето | 7 |
| 3.1 | Материјално-техничка подготовка | 7 |
| 3.2 | Човечки ресурси | 9 |
| 3.3 | Организација на наставата | 10 |
| 3.4 | Број на ученици, паралелки, образовни профили и наставен јазик | 11 |
| 3.5 | Наставници и стручни соработници | 14 |
| 4 | Извештај за успехот, редовноста и поведението на учениците | 17 |
| 5 | Извештај за државната и училишната матура и завршен испит | 22 |
| 6 | Реализација на наставата | 25 |
| 7 | Воннаставни активности реализирани во учебната година | 29 |
| 8 | Работа на управните и стручните органи и тела | 32 |
| 9 | Извори на финансирање | 37 |
| 10 | Екскурзии | 44 |
| 11 | Соработка со медиумите и промоција на училиштето | 45 |
| 12 | Прилози | 47 |

# 1. Лична карта на училиштето

**Целосен назив на училиштето:**
Средно училиште на Град Скопје „Браќа Миладиновци"

**Скратен назив на училиштето:**
СУГС „Браќа Миладиновци" Скопје

**Адреса на училиштето:**
Бранко Заревски бр.110 н. Драчево Скопје

**Правен субјект:**
Јавно средно училиште

**Основач:**
Град Скопје

**Одговорно лице:** В.Д. Директор Осман Бајрами

**Телефон/факс:**

00389 2 2794 967
00389 2 2791 044

**Е-маил:** dusobrakamiladinovci@yahoo.com

**Веб страна:** https://brakamiladinovci.mk/

**Матичен број на правниот субјект: 4066936**

**Шифра на дејност: 85.32 средно образование**

**Основање на правниот субјект: 01.07.1964 година**

## 2. Вовед

Средното училиште на град Скопје „Браќа Миладиновци“ е формирано во 1964 година со Решение бр.01-3521/1 на 01.07.1964 година, како гимназија на основа на чл.1 и 76 од Општинскиот закон за школство Сл.Весник на СФРЈ бр.4/64 Собранието на Општина Драчево на 16 седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници/ 01.07. 1964 година.
Со воведување на средното насочено образование во 1980 Решение бр.11-139/1-79 од 17.02.1980 се трансформира во средно стручно училиште, во кое учениците стекнуваат образование од земјоделската и ветеринарната струка.
Со реформите во образовниот систем во 1995 година Решение бр.11-514/3 од 23.03.1995 повторно се воведуваат гимназиските паралелки, па денес тоа е училиште во
кое учениците стекнуваат гимназиско образование и образование од земјоделско-ветеринарната струка. Од 2019/2020 година стручното образование се реформира (техничко образование), па наставата се одвива преку модуларно дизајнирани наставни
планови и програми.
Воспитно образовниот процес во средните училишта претставува сложена општествена
дејност, па како во сите средни училишта, така и во нашето училиште работата во изминатата учебна година се засноваше на следниве документи:

1. Закон за средно образование
2. Закон за стручно образование и обука
3. Закон за работни односи
4. Закон за наставници и стручни соработници
5. Закон за заштита на личните податоци
6. Закон за јавни набавки
7. Закон за организација и работа на органите на државната управа
8. Останати законски прописи кои се застапени во други закони и подзаконски акти
9. Интерни училишни акти:
9.1. Статут на училиштето
9.2. Правилник за интерно оценување на знаењето и поведението учениците
9.3. Правилник за организација и систематизација на работните места
9.4. Правилник за училишни екскурзии

9.5. Правилник за попис
9.6. Правилник за ред во работењето
9.7. Правилник за училишна библиотека



9.8. Правилник за јавни набавки
9.9. Правилник за утврдување и надомест на штета
9.10. Правилник за слободен пристап до информации од јавен карактер
9.11. Правилник за начинот и поблиски критериуми на организирање и изведување на натпревари на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво за учениците во средното образование
9.12. Правилник за изведување за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта
9.13. Правилник за дисциплинска и материјална одговорност
9.14. Правилник за начинот на стекнување и распределба на средствата во средните училишта
9.15. Правилник за користење на службени телефони
9.16. Правилник за користење приватни возила за службени цели
9.17. Правилник за начинот на избор на најдобар ученик во струката од завршните години на образование во стручното образование
9.18. Упатство за водење на педагошка евиденција и документација
9.19. Упатство за оценување на учениците
9.20. Упатство за изрекување на педагошки мерки на учениците
9.21. Упатство за контрола на финансиската документација
9.22. Упатство за начин на водење на евиденцијата за лични податоци
9.23. Деловник за работа на Училишниот одбор
9.24. Деловник за работа на Советот на родители
9.25. Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби
9.26. Норматив за работна недела
9.27. Правилник за активностите на раководителот на паралелка
9.28. Програма за менторирање на новопримени наставници
9.29. Кодекс на однесување на наставници, стручни соработници и ученици
9.30. Програма за развој на училиштето
9.31. Куќен ред на училиштето
9.32. Училишна политика

9.33. Училишни протоколи
9.34. Училишен акционен план за мултиетничка интеграција
9.35. Наставни планови и програми според кои се реализира наставата
9.36. Интерни акти за изведување на настава во услови на пандемија од Ковид 19

Годишниот извештај за работа на училиштето претставува документ во кој се наведени сите реализирани активности во училиштето во учебната 2021/2022 година, а се
резултат на Развојниот план и Годишната програма за работа на училиштето во учебната
2021/2022 година. Тој во себе ги содржи сите информации кои се однесуваат на реализација на севкупниот воспитно-образовен процес во СУГС „Браќа Миладиновци“ и резултатите од самото „работење“ на сите чинители во училиштето.

**Мисија на училиштето:**

Нашата мисија е да обезбедиме квалитетно, инклузивно и рамноправно образование со хуманистичка димензија како клуч за мултикултурно и праведно општество.

**Визија на училиштето**:

Училиште препознатливо по успесите што ги постигнуваат учениците; мотивирани наставници кои работат на заедничката цел: УЧЕЊЕ НАСОЧЕНО КОН УЧЕНИКОТ!

Да бидеме училиште во кое ќе се учи за да се стекнуваат квалитетни и применливи знаења; со грижата за растителниот свет и благосостојбата на животните да продолжиме да придонесуваме за еколошката рамнотежа, збогатувајќи го нашиот живот на уникатен начин.

# 3. Организација на работата на училиштето

### 3.1. Материјално-техничка подготовка

Училишната зграда е монтажна барака со површина од 3600 м2, во која има 22 училници, фискултурна сала, библиотека , простории за наставниците и службите во училиштето, како и помошни простории.

Дел од училниците се опремени со компјутери и други нагледни средства. За реализација на практичната настава училиштето има ученичка економија-Реална ученичка компанија.

Училишната економија има 5 ха земјоделско земјиште. Еден дел од земјиштето е земено под концесија од МЗШВ, еден дел е во училишниот двор, а другиот дел го има добиена на користење од Министерството за образование и наука. Тоа е некогашното основно училиште Гоце Делчев од с. Маркова Сушица и дворот на училиштето.

Во Маркова Сушица, училиштето има парцела со вкупна површина 1,4 хектари, а во местото викано Бабајлија има парцела од 2 хектари.

Во училиштето функционира Парк на животните и се простира на површина од 2500 м2.

За обработка на почвата училиштето располага со современа земјоделска механизација и приклучни машини.

Во училишниот двор се наоѓаат: пластениците, мини оранжерија, аквапоника, вертикална градина како и мал зоо парк. Училишниот двор е уреден и чист.

Во текот на 2024/2025 година беа набавени и донирани следните нагледни средства:

**Донирани нагледни средства**

| | **СРЕДСТВА** | **Кол.** | |
|---|---|---|---|
| 1. | Преносен компјутер Lenovo ThinkPad L | 5 | Донирани од: Град Скопје |
| 2. | Прочистувачи за воздух | 5 | Донирани од: Град Скопје |
| 3. | Интерактивна табла | 1 | Донирани од: Град Скопје |
| 4. | Термохигрометар | 1 | Донирани од:Здружението Ековита |
| 5. | убоден термометар | 1 | Донирани од: Здружението Ековита |
| 6. | вага | 1 | Донирани од: Здружението Ековита |
| 7. | дигитален микроскоп | 1 | Донирани од: Здружението Ековита |
| 8. | $CO_2$ метар | 1 | Донирани од: Здружението Ековита |
| 9. | ламба против инсекти | 1 | Донирани од: Здружението Ековита |
| 10. | вреќи со супстрат подготвени за развивање печурки | 1 | Донирани од: Здружението Ековита |

Во текот на учебната 2024/2025 година во училиштето беше извршена за промена на подот во училниците лоцирани во третиот ходник и поставување на лунолеум како високо издржливо подно решение и реконструкција на кровот каде ја чуваме земјоделската механизација.

Во училиштето во учебната 2024/2025 од страна на Град Скопје беше опремена сензорна соба.

## 3.2. Човечки ресурси

**Полова и национална структура на вработените во учебната 2024/2025**

**Полова и национална структура на вработените во учебната 2024/2025**

| | Македонци | | Албананци | |
|---|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | Машки | Женски |
| Директор | | | 1 | |
| Наставен кадар | 9 | 20 | 16 | 8 |
| Психолог | 1 | | | |
| Педагог | | 1 | | |
| Сепцијален едукатор и рехабилитатор | | 1 | | |
| Библиотекар | | 1 | | |
| Соработник за практична настава | | 1 | | |
| Административни работници | | 2 | | |
| Техничка служба | 4 | 7 | | |

**Степен на образование на вработените**

| Ниво на образование | Број на вработени |
|---|---|
| Високо | 60 |
| Виша | / |
| Средно | 7 |
| Основно | 5 |

**Старосна структура на вработените**

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 5 |
| 31-40 | 23 |
| 41-50 | 24 |
| 51-пензија | 20 |

### 3.3. Организација на наставата

Наставата во училиштето се реализираше во една смена со почеток отпочнуваше од 7.45 часот . Редовната настава во училиштето се реализираше како теоретска настава и практична обука. Теоретската настава се изведуваше во кабинети и училници, а практичната обука се изведуваше во кабинетот за практична настава, училишната економија, зоо паркот и во организации со кои училиштето имаше склучено договори за реализација на практична обука.

Дел од  наставата се изведуваше кај работодавец согласно концептот за дуално образование

Во училиштето беше реализирана дополнителна настава за учениците кои покажуваа послаб успех во школувањето како и додатна настава за учениците кои особено напредуваа во текот на школувањето. За вонредните ученици и учениците кои требаше да полагаат додатни испити беше реализирана консултативна настава.

Детални податоци за реализацијата на дополнителната, додатната и консултативната настава може да се најдат во прилозите кон овој извештај.

За работата со ученици со посебни образовни потреби на ниво на училиште е изготвена програма, а секој наставник во рамките на своето планирање има обврска да изготви индивидуален план за работата со овие ученици. Во текот на годината следеше индивидуална работа со овие ученици од страна на службата во училиштето.

Беа следени педагошката евиденција и документација, дневникот на паралелката, дневните подготовки, евидентните листови и главните книги. На наставниците благовремено им беа дадени насоки за изготвување на Годишните, тематските и дневните планирања. Во текот на учебната година беа проверени дневниците на паралелките, дневните подготовки беа проверени при посетата на часови во како и увидот во годишните и тематските планирања на наставниците. Во текот на реализацијата на наставата се настојуваше да се употребува ИКТ како и интерактивни форми на настава.

## 3.4. Број на ученици, паралелки, образовни профили и наставен јазик

**Табела 1. Број на ученици во учебната 2024/2025 според година на образование и пол**

| | Вкупно ученици | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| **Прва година** | **57** | **44** | **13** |
| **Втора година** | **73** | **50** | **23** |
| **Трета година** | **40** | **28** | **12** |
| **Четврта година** | **62** | **33** | **29** |
| **Вкупнен број на ученици во училиштето** | **232** | **155** | **77** |

Во табела 1 може да се види бројната состојба на учениците според година на образование и полот на учениците. Гледаме дека бројот на машки ученици еречиси двојно поголем од бројот на женски ученици.

**Табела2. Паралелки и број на ученици во учебната 2024/2025**

| Паралелка | Вкупно | | Вид на образование | Број на ученици | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Вкупно | Машки | Женски |
| **I-1** | **17** | **Валентина Великова** | Техничар по ветеринарна медицина | **17** | **10** | **7** |
| **I-2** | **16** | **Тони Димитриевски** | Агротехничар | **10** | **10** | |
| | | | Техничар за фитомедицина/ | **6** | **2** | **4** |
| **I-3** | **11** | **Арбен Адеми** | Техничар по ветеринарна медицина | **5** | **5** | |
| | | | Агротехничар | **6** | **6** | |
| **I-4** | **13** | **Егзона Муртезани** | Техничар за агроменаџмент | **13** | **11** | **2** |
| **Вкупно во прва година** | **57** | | | **57** | **44** | **13** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **II-1** | **15** | **Јорданка Атанасовска** | Техничар по ветеринарна медицина | **15** | **5** | **10** |
| **II-2** | **13** | **Гордана Секоска** | Агротехничар | **13** | **10** | **3** |
| **II-3** | **8** | **Елена Методиевска** | Техничар за фитомедицина/ | **4** | **2** | **2** |
| | | | Техничар за агроменаџмент | **4** | **3** | **1** |
| **II-4** | **7** | **Фарук Јашари** | Техничар по ветеринарна медицина | **7** | **7** | **/** |
| **II-5** | **12** | **Шевкет Кадриу** | Агротехничар | **12** | **12** | **/** |
| **II-6** | **18** | **Валбон Беџети** | Техничар за фитомедицина/ | **12** | **5** | **7** |
| | | | Техничар за агроменаџмент | **6** | **6** | **/** |
| **Вкупно во втора година** | **73** | | | **73** | **50** | **23** |
| **III-1** | **15** | **Билјана Николовска Прља** | Техничар по ветеринарна медицина | **15** | **10** | **5** |
| **III-2** | **11** | **Кристина Јованова** | Агротехничар | **4** | **4** | **/** |
| | | | Техничар за фитомедицина | **4** | **2** | **2** |
| | | | Техничар за агроменаџмент | **3** | **3** | **/** |
| **III-3** | **9** | **Висар Сопај** | Техничар за фитомедицина | **9** | **4** | **5** |
| **III-4** | **5** | **Ријхат Мемеди** | Техничар за агроменаџмент | **5** | **5** | **/** |
| **Вкупно во трета година** | **40** | | | **40** | **28** | **12** |
| **IV-1** | **19** | **Велика Мержановска** | Техничар по ветеринарна медицина | 19 | 7 | 12 |
| **IV-2** | **14** | **Никола Попов** | Агротехничар | 3 | 2 | 1 |
| | | | Техничар за фитомедицина | 6 | 4 | 2 |
| | | | Техничар за агроменаџмент | 5 | 1 | 4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **IV-3** | **15** | **Флорина Рамадани** | Техничар по ветеринарна медицина | 6 | 6 | / |
| | | | Агротехничар | 9 | 2 | 7 |
| **IV-4** | **14** | **Арлинда Фазлиу Шазиу** | Техничар за фитомедицина | 6 | 3 | 3 |
| | | | Техничар за агроменаџмент | 8 | 8 | |
| **Вкупно во четврта година** | **62** | | | **62** | **33** | **29** |

Во учебната 2024/2025 година нашето училиште брои вкупно 9 ученика кои припаѓаат во групата  ученици со посебни образовни потреби  и ученици со специфични потешкотии во учењето.

Од вкупно 9  ученика или 100% , 4 или 44% се машки  а останатите 5 или 56%  се женски.

Табела3. Ученици со посебни образовни потреби

| | | |
|---|---|---|
| Машки | **4** | **44** |
| Женски | **5** | **56** |
| Вкупно | **9** | **100** |

### 3.5. Наставници и стручни соработници

Во текот на  учебната 2024/2025 биле ангажирани 53 наставници.
Стручни соработници има пет: психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор, библиотекар и стручен соработник за практична настава.

Во текот на учебната 2024/2025 година наставниците и стручните соработници ги посетуваа следниве обуки:

- Учество на обука „Инклузивна педагогија – напредна обука“ во рамките на проектот „Подобрување на квалитетот на образованието“ во организација на ГОПА и МОН, со траење од 10 часа, 15.8.-31.10.2024
- Учество на обука „Обука на обучувачи за креирање дигитални материјали за учење“ во рамките на проектот „Подобрување на квалитетот на образованието“ во организација на ГОПА и МОН, со траење од 5 часа, 15.8.-31.10.2024
- Учество на обука „Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи – напредна обука“ во рамките на проектот „Подобрување на квалитетот на образованието“ во организација на ГОПА и МОН, со траење од 5 часа, 15.8.-31.10.2024
- Учество на обука „Обука за спроведување на Националните стандарди за дигитални постигнувања за учениците во средното (општо и стручно) образование“ во рамките на проектот „Подобрување на квалитетот на образованието“ во организација на ГОПА и МОН, со траење од 5 часа, 15.8.-31.10.2024
- Учество на "SELFIEforTEACHERS Dissemination event North Macedonia - ONLINE MEETING", Европска Комисија, БРО, МОН, 13.11.24
- 05.2025 „Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава(напредно ниво)“ - Еду Лаб дигитален курс

- 05.2025 „Превенција и заштита од насилство“ - Еду Лаб дигитален курс
- 05.2025 „Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава(основно ниво)“ – Еду Лаб дигитален курс
- 09.2024 „Дигитална писменост ( дигитални вештини/ компетенции) Модул за напредна обука“ – Гопа
- 09. 2024 „Обука за наставници за предавање на ревидираните наставни програми за ученици со ПОП во стручните училишта“ – Гопа
- Учество на семинар и работилница за вмрежување на зелени училишта од земјите од Западен Балкан во организација на PTI, Холандија, 23-24 јануари 2025
- Учество на ЕдуЛаб вебинарот „Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилства – примери на добра практика“ во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ СмартАП – Лабораторија за социјални иновации Скопје во организација на Детската фондација Песталоци, со траење од 2 часа, 17.12.2024
- Учество на ЕдуЛаб дигиталниот курс „Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава (основно ниво)“ во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ СмартАП – Лабораторија за социјални иновации Скопје во организација на Детската фондација Песталоци, со траење од 5 часа, ноември - декември 2024
- Учество на ЕдуЛаб дигиталниот курс „Применети знаења ИКТ (основно ниво)“ во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ СмартАП – Лабораторија за социјални иновации Скопје во организација на Детската фондација Песталоци, со траење од 5 часа, февруари – јуни 2025
- 2.06.2025. Обука за користење на креативен документарен филм во наставата во организација на МакеДокс
- Обуки за ментори на проектни задачи организирани од Бирото за образование и Државниот испитен центар.
- На 26.01.2025 учество на обуката за наставници за земјоделски техничар за традиционално и органско одгледување. Одржана од Соња Славковиќ во СМУГС

“Д-Р Панче Караѓозов’’ .Подобрување на квалитетот на образованието и обуката во ЈИЕ - EQET

- На 26.11.2024 Учество на обука Различни патеки во одржливо земјоделство :зајакнување на учениците за стручно образование и обука проект Еразмус + програмата во организација на Sustain VET Panth од 18-23.11.2024 на Копаоник Р.Србија.
- На 25.10.2024 учество на дводневна обука Нови генерации земјоделки одржана во Ресен од невладината организација ГОУ Грин со група ученички од нашето училиште.
- На 15.05.2025 Обука “Безбедност и здравје при работа“
- На 04.06.2025 Учество на практична обука за експериментално производство на сточна храна од инсекти, во рамки на проектот Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Македонија, организиран од Ековита

# 4. Извештај за успехот, редовноста и поведението на учениците

Просечниот успех на учениците на ниво на цело училиште во учебната 2024/25 година е 3,21.

График 1. Среден успех на учениците во учебната 2024/25




Во График 1 може да се виде нагорниот трендот на просечниот успех гледан по година на школување. Најслаб училишен успех имаат учениците од прва година, а најдобар учениците од четврта година.

Табела 1. Успех и редовност кај учениците во прва година во учебната 2024/25 година

| | Наставен јазик | Образовен профил | Среден успех | Изостаноци | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | оправдани | неоправдани | вкупно |
| I-1 | макedински | Техничар за ветеринарна медицина | 3,69 | 1711 | 76 | 1787 |
| I-2 | македонски | Агротехничар/Техничар за фитомедицина | 2,65 | 3823 | 99 | 3922 |
| I-3 | албански | Техничар по ветеринарна медицина /Агротехничар | 2,42 | 1454 | 220 | 1674 |
| I-4 | албански | Техничар за агроменаџмент | 2,61 | 1933 | 292 | 2225 |
| **Среден успех во прва година** | | | **2,84** | 8921 | 687 | 9608 |

Од Табела 1 се гледа дека учениците од образовниот профил „Техничар за ветеринарна медицина“ кои наставата ја следат на македонски јазик имаат најдобар успех и најмалку неоправдани изостаноци.

Табела 2. Успех и редовност кај учениците во втора година во учебната 2024/25 година

| | **Наставен јазик** | **Образовен профил** | **Среден успех** | **Изостаноци** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **оправдани** | **неоправдани** | **вкупно** |
| II-1 | макedински | Техничар за ветеринарна медицина | 3,73 | 1225 | 80 | 1305 |
| II-2 | македонски | Агротехничар | 2,76 | 3461 | 258 | 3719 |
| II-3 | македонски | Техничар за фитомедицина/Техничар за агроменаџмент | 3,30 | 1850 | 106 | 1956 |
| II-4 | албански | Техничар за ветеринарна медицина | 2,12 | 753 | 40 | 793 |
| II-5 | албански | Агротехничар | 2,56 | 904 | 48 | 952 |
| II-6 | албански | Техничар за фитомедицина/Техничар за агроменаџмент | 2,57 | 1406 | 372 | 1778 |
| **Среден успех во втора година** | | | **2,98** | 9599 | 904 | 10503 |

Во втора година најдобар успех и најмалку неоправдаи изостаноци имаат учениците од образовниот профил „Техничар за ветеринарна медицина“ кои наставата ја следат на македонски јазик (Табела2)

Табела 3. Успех и редовност кај учениците во трета година во учебната 2024/25 година

| | Наставен јазик | Образовен профил | Среден успех | Изостаноци | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | оправдани | неоправдани | |
| III-1 | македински | Техничар за ветеринарна медицина | 3,9 | 504 | 39 | 543 |
| III-2 | македонски | Аготехничар/Техничар за фитомедицина/Техничар за агроменаџмент | 3,13 | 1566 | 56 | 1622 |
| III-3 | албански | Техничар за фитомедицина | 3,33 | 913 | 30 | 943 |
| III-4 | албански | Техничар за агроменаџмент | 2,79 | 206 | 36 | 242 |
| **Среден успех во трета година** | | | **3,29** | **3189** | **161** | **3350** |

Како во прва и втора година и во трета година најдобар успех имаат дека учениците од образовниот профил „Техничар за ветеринарна медицина“ кои наставата ја следат на македонски јазик. Во поглед на редовноста најмалку неоправдани изостаноци имаат учениците од профилот „Техничар за агроменаџмент“ на албански наставен јазик.

Табела 4. Успех и редовност кај учениците во трета година во учебната 2024/25 година

| | Наставен јазик | Образовен профил | Среден успех | Изостаноци | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | оправдани | неоправдани | вкупно |
| IV-1 | македински | Техничар за ветеринарна медицина | 4,24 | 895 | 49 | 944 |
| IV-2 | македонски | Аготехничар/Техничар за фитомедицина/Техничар за агроменаџмент | 3,56 | 1475 | 73 | 1548 |
| IV-3 | албански | Техничар за ветеринарна медицина/ Аготехничар | 3,46 | 769 | 38 | 807 |
| IV-4 | албански | Техничар за фитомедицина/Техничар за агроменаџмент | 3,64 | 492 | 30 | 522 |
| **Среден успех во трета година** | | | **3,73** | **3631** | **190** | **3821** |

Од Табела4 се гледа дека најдобар успех имаат учениците  од образовниот профил „Техничар за ветеринарна медицина“ кои наставата ја следат на македонски јазик. Гледаме дека и тука се следи трендот во поглед на просечниот успех од прва, втора и трета година. Најмалку изостаноци имаа учениците од образовните профили „Техничар за фитомедицина“ и „Техничар за агроменаџмент“ што наставата ја следат на албански јазик.

Поради намален успех кај психологот се повикани на советување 26 родители, а поради нередовно посетување на наставата 23 родитела.

Советувањата за немален успех и нередовно посетување на наставата се извршени и со учениците .

Заради несоодветно однесување на учениците биле советувани 11 родители. Станува збор за ученици кои манифестирале сериозни форми на несоодветно однесување. Во поглед на советувањето на учениците со несоодветно однесување  се советувани и учениците кои имале и посериозни и поблаги форми на несоодветно однесување.

Исто така во училиштето се реализираа работилници за унапредување на менталното здравје, кои освен специфични психолошки теми, третираа и прашања поврзани со однесувањето на учениците во училишниот контекст (управување со учењето, комуникација, конфликти итн.)

Во Табела 5 се дадени работилниците за ментално здравје реализирани од страна на психологот

Табела 5.  Работилници за мантално здравје реализирани од страна на психологот

| Работилница | Опфатени ученици |
|---|---|
| Развивање на свеста за сопствените емоции | 37 |
| Саморегулација | 18 |
| Справување со стрес | 7 |
| Управување со учењето | 20 |
| Добросотојба | 8 |
| Справување со тешки искуства | 18 |
| Справување со емоции (активности 3 и4) | 9 |
| Справување со емоции (активности 1 и2) | 33 |
| Справување со лутина | 13 |
| Саморегулација поврзување | 9 |

Во инкузивните класови покрај прихологот во реализацијата на работилниците учествуваше и специјалниот едукатор и рехабилитатор.

Во делот за менталното педагогот на училиштето ги реализир следнива активнсти

Табела 6. Работилници за мантално здравје реализирани од страна на педагогот

| Работилница | Опфатени ученици |
|---|---|
| Справување со емоции (активности 3 и4) | 14 |
| Справување со емоции (активности 1 и2) | 10 |

Со цел на унапредување на личниот раст и развој на учениците, како и подобрување на однесувањето на несоодветното однесување кај одредени ученици психологот Никола Николоски заедно со наставникот по македонски јазик и литература Валентина Великова огранизираа три посети на театарски претстави во Драмски театар – Скопје, како и една посета на музеј заедно со наставникот по биологија Даниела И. Николова.

## 5. Извештај за државната и училишната матура и завршен испит

**Екстерни испити македонски наставен јазик- јуни**

| реден број | предмет | пријавени | полагале | Положиле | успех |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски јазик и литература | 20 | 18 | 14 | 2,96 |
| 2 | Англиски јазик | 24 | 24 | 12 | 3,08 |

**Екстерни испити албански наставен јазик- јуни**

| реден број | предмет | пријавени | полагале | Положиле | успех |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Албанскијазик и литература | 21 | 21 | 2 | 2,00 |
| 2 | Англиски јазик | 23 | 21 | 2 | 2,00 |

**Интерни испити македонски  наставен јазик ( јуни )**

| реден број | предмет | пријавени | полагале | Положиле | успех |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Географија | 4 | 4 | 4 | 3,50 |
| 2 | Билогија | 21 | 21 | 21 | 4,28 |
| 3 | Изборен пакет 1. Породилство со вештачко осеменување и клиничка дијагностика | 12 | 12 | 12 | 5,00 |
| 4 | Изборен пакет 1: Фитофармација и земјоделска аптека | 1 | 1 | 1 | 5,00 |
| 5 | Изборен пакет 1: Агроменаџмент | 1 | 1 | 1 | 5,00 |
| 6 | Изборен пакет 1 . Пољоделство | 2 | 2 | 2 | 3,50 |

**Интерни испити албански  наставен јазик ( јуни )**

| реден број | Предмет | пријавени | полагале | Положиле | успех |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Историја | 21 | 16 | 16 | 4,00 |
| 2 | Изборен пакет 1. Породилество со вештачко осеменување и клиничка дијагностика | 3 | 2 | 2 | 3,50 |
| 3 | Изборен пакет 1. Фитофармација и земјоделска аптека | 5 | 4 | 4 | 4,75 |
| 4 | Изборен пакет 1. Агроменаџмент | 5 | 4 | 4 | 3,25 |
| 5 | Изборен пакет 1. Полјоделство | 8 | 5 | 5 | 4,20 |

**ЗАВРШЕН ИСПИТ И УЧИЛИШНА МАТУРА  МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК ( јуни )**

| реден број | Предмет | пријавени | полагале | Положиле | успех |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски јазик и литература | 21 | 19 | 19 | 3,00 |
| 2 | Пакет 1. Породилство со вештачко осеменување и клиничка дијагностика | 8 | 8 | 7 | 3,86 |
| 4 | Пакет 2:Агроменаџмент | 3 | 3 | 3 | 3,66 |
| 5 | Пакет 1: Фитофармација и земјоделска аптека | 5 | 5 | 5 | 3,60 |
| 6 | Изборен пакет 1. Полјоделство | 2 | 2 | 2 | 2,50 |
| 7 | Биологија | 2 | 2 | 2 | 2,50 |

**<u>ЗАВРШЕН ИСПИТ  АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК ( јуни )</u>**

| реден број | предмет | пријавени | полагале | Положиле | успех |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Албански јазик и литература | 9 | 9 | 9 | 2,77 |
| 2. | Историја | 1 | 1 | 1 | 5,00 |
| 3. | Фитофармација со земјоделска аптека | 1 | 1 | 1 | 3,00 |
| 4. | Агроменаџмент | 3 | 3 | 3 | 3,66 |
| 5. | Полјоделство | 1 | 1 | 1 | 3,00 |
| 6. | Породилство со вештачко осеменување и клиничка дијагностика | 3 | 1 | 1 | 2,00 |

## 6. Реализација на наставата

Наставата беше реализирана согласно наставните планови и програми, Годишната прогрма и останатите документи што ја регулираат оваа област. Наставниците имаат доставено годишни и тематски планирања, а беа посетени  и за време на наставата од страна на директорот, педагогот и психологот и на тој начин беше стекнат увид во дневните планирања и начинот на кој се реализира наставата.

Од дидактички аспект беше настојувано да се користат интерактивни форми на работа, и особено да се употребува ИКТ во наставата. Во поглед на користењето на ИКТ на наставниците им беше овозможено да користат ИТ технологија согласно нивните планирања за реализација на методската единица.

Дополнителната и додатната настава е реализирана согласно планирањата на наставниците.

Во текот на реализацијата на наставата беа вложени максимални напори за инкузија на учениците со посебни потреби при што условите за учење и наставниот материјал беа прилагодувани за потребите на овие ученици. Оваа активност беша реализирана преку инклузивниот тим во училиштето.

Родителите на учениците и учениците кои покажуваа намален успех, нередовно посетување на наставата или несоодветно однесување беа советувани од страна на психологот.

Дел од согледувањата кои ги дале наставниците се наведени на ова место, а целосно можат да се прочитаат во прилозите кон извештајот што се однесуваат на работата на активите.

- Направена е аналитичка проценка на научната издржливост на наставните содржини, нивната адекватност на психофизичкиот и сознајниот развој (ниво) на учениците и адекватност на наставните форми и методи.;
- Се разгледуваа и различни критериуми за начинот на пополнување и водење на ученичко портфолио;
- Беа разгледувани реформите во наставата и истите се следеа во текот на наставната година.
- Следење и анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците разгледување на можностите за нивно подобрување;
- Менторирање на учениците;

- Консултации со ученици и реализација на вонредни и диференцијални испити
- Реализација на предавања, работилници, квиз натпревари и сл. кои се релавантни за наставната тема
- Беше реализирано учество на натпревари;

***<u>Практична настава и учење кај работодавец</u>***

Во координација со предметните професори и директорот на училиштето воспоставена е соработка со компании во кои можат нашите ученици да реализираат настава Учење преку работа кај работодавач. Со компаниите склучени се меморандуми за соработка.Во улога на работодавец се јавува и училиштето бидејки училиштето располага со аквапоника, современ стакленик- донација од Владата на Чешка Република (кои се користат за производство на цвеќе во затворен простор), вертикална градина, два пластеника со површина од 20 м2 кои се користат за одгледување на градинарски култури,мини метеоролошка станица,училишен двор со зелени површини(со повеќегодишни и едогодишни садници) како и мини зоолошка градина.

